# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот (Сл. Весник 61/04,...84/12), член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (Сл. Весник 50/05,...183/11) и член 20 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10), Советот на општина Илинден на 11-та седница одржана на ден 24.07.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А

**за определување зони на макролокација во општина Илинден, за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот**

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат Зоните на макролокација на градежното земјиште на територијата на Општина Илинден, согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на следниот начин:

| Рб. | Општина Илинден | Зона на макро локација |
|---|---|---|
| 1. | Важечки Урбанистички планови во населено место наменети за групно домување А2. | 9 (деветa зона) 200 бода |
| 2. | Илинден-Зона за стопанство, ул. 34 н.Илинден, Економска зона Илинден 1 и Економска зона Илинден 2 | 11 (единаесетта зона) 120 бода |
| 3. | Илинден- Економска зона Карагач-Градежни парцели кои границат и се во близина на патот Илинден-Ајватовци. Градежни парцели кои границат со ул.9 во н.Илинден | 13 (тринаесета зона) 80 бода |
| 4. | Илинден-Зона за стопанство, Економска зона Ограѓа, Градежни парцели кои границат со ул.2 и ул.8 во н.Илинден и ул.500 во н.Марино | 14 (четириесетта зона) 50 бода |
| 5. | Илинден и Марино<br>Илинден- Стопански комплекс Илинден, | 15 (петнаесетта зона) 40 бода |
| 6. | Кадино | 16 (шеснаесетта зона) 30 бода |
| 7. | Мралино | 17 (седумнаесетта зона) 15 бода |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Бунарџик | 17 (седумнаесетта зона) 15 бода |
| 9. | Ајватовци | 17 (седумнаесетта зона) 15 бода |
| 10. | Миладиновци | 17 (седумнаесетта зона) 15 бода |
| 11. | Текија | 18 (осумнаесетта зона) 5 бода |
| 12. | Дељадровци | 18 (осумнаесетта зона) 5 бода |
| 13. | Бујковци | 18 (осумнаесетта зона) 5 бода |
| 14. | Мршевци | 18 (осумнаесетта зона) 5 бода |
| 15. | Бучинци | 18 (осумнаесетта зона) 5 бода |

Вредноста на пресметковниот бод изнесува едно евро во денарска противвредност.

**Член 2**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување зони на макролокација во општина Илинден, за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот бр.07-2530/10 од 11.09.2013 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р. Александар Георгиевски с.р.**

**Архивски број:07-1552/12**
**Датум на донесување: 24.07.2018 г.**